Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Архивски бр. 08-414/17
датум 02-12-2025

ЗАПИСНИК
ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО

Министерот за правда со решение бр. 08-1464/1 од 30.06.2025 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2025 година.

**Комисијата за надзор на ден 15.09.2025 година во 11:45 часот**, согласно Планот за надзор бр. 08-3231/1 го започна надзорот во **Основен суд Крушево** за контролниот период од **2024** до 2025 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2023 година до 2025 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателот на судот Хаџо Тариќ кој стапил на функција претседател на суд од 04.07.2025 година и информатичарот во судот Наум Наумоски.

Судот се соочува со ограничена функционалност, со само 12 вработени и еден судија кој неодамна бил избран за претседател на суд, без вработен благајник и сметководител, за што била поведена прекршочна постапка заради неевидентирање на обврски во АМБС системот за книговодствена работа на судот. Во отсуство на сметководител, информатичарот ја подготвува платата, а за останатите книговодствени работи и завршни сметки се ангажира лице по договор. Во судот има ангажиран вработен за 10 илјади денари, што е под законскиот определениот износ на минимална плата.

Согласно деталите увидени со надзорот дадени подоле во овој документ, **Комисијата дава следни општи препораки за исполнување на стандард на суд:**

Препорака за судовите кои се соочуваат со проблеми за обезбедување на функционалност на судот


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Судскиот совет, Врховниот суд, Апелационен суд, Министерството за правда, Министерството за финансии, Владата и Собранието веднаш да пристапат кон надминување на проблемите со кои се соочуваат малите судови и судството во целина.

За да се овозможи вистинска функционалност на судовите и случајна распределба преку системот АКМИС, потребно е во одреден суд да има најмалку 20 судии, распоредени во оддели, најмалку 5 судии во оддел и претседател на суд. Исто така, бројот на службата треба да биде 1 судија спрема 3 судски службеници. На пример, за 15 судии потребно е да има најмалку 30 стручни соработници во судот. Во однос на записничари, потребно е најмалку 1 записничар за секој судија, што значи најмалку 15 записничари + 5 записничари (кога ќе бидат на одмор или боледување) за да има доволен број на записничари за да се одржуваат сите судски расправи без никакви проблеми. Во судот потребно е да има уписничари и вработени во приемно одделение кои ќе вршат скенирање на предметите. Исто така, во судот се потребни најмалку 3 информатичари и најмалку 1 информатичар - техничар кој ќе ја одржува опремата за да се овозможи судење на далечина. Благајник/книговодител/раководител на сметководство се неопходни за обезбедување на непречена подготовка на фактури и плати на вработените на судот. Овие функции може да се извршуваат од страна на вработени во Судскиот буџетски совет, но секако, на подрачје на суд мора да има една таква организациона служба. Хигиеничари треба да се постават согласно бројот на простории. Возач, автомобил, лице задолжено за греење и одржување на судот.

Во рамки на подрачјето на Суд со најмалку 20 судии, постојните судови кои имаат 0-5 или 7 судии би требало да бидат трансформирани во судски одделенија, во кои би требало да има вработени: најмалку двајца стручни судски соработници, двајца записничари, еден информатичар техничар, хигиеничар, судски службеник во приемно одделение и други неопходни вработени за функционалност на судското одделение.

Суд кој не може да обезбеди обем на работа за најмалку 10 судии, не ги исполнува реално условите да биде организиран како суд, туку за модерно и опремено Судско одделение со најмалку 5 –10 простории, од кои најмалку една судница опремена со дигитални алатки согласно меѓународни стандарди. Во ова судско одделение странките ќе ги поднесуваат предметите физички или електронски, предметите ќе


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

бидат скенирани и заведени во АКМИС, а придвижувани електронски до судот во чие подрачје ќе биде судското одделение. Судиите од судот со најмалку 20 судии ќе имаат денови на судење во судското одделение каде ќе бидат физички присутни или по исклучок на онлине судење ако се исполнети условите предвидени со закон. Во судското одделение ќе има вработена судска служба која ќе овозможи гаранции за заштита на странките и онлине судењето, односно ќе му помагаат на судијата кога ќе биде присутен физички на судењата во опремената судница во која има функционален АКМИС систем.

Функционалноста на Основниот суд Крушево зависи од постојаното менување на делегирани судии. Мал број на вработени во судот не можат да функционираат и да ги извршуваат пропишаните одредби од процесните постапки, постапките уредени согласно Судскиот деловник и другите прописи и настануваат апсурдни состојби: не може да се формира работно тело, информатичарот сам ја следи состојба со предметите, распоредот за работа како документ освен за службата е целосно бессмислен, нема специјализација - постапува само еден судија по сите видови на предмети и судска управа бидејќи истовремено е претседател на суд. Седница на судии, размена на мислења, колегиуми со судии, следење на судска пракса, примена на пракса на ЕСЧП...не може да се применуваат и почитуваат. Одредбите од законот за управување со движење на предметите не можат да се спроведат во целост од причина што суд со само еден судија кој е истовремено претседател на суд е неодржливо решение. АКМИС во овој случај е само обичен електронски систем за заведување на предмет.

Во судот новиот претседател на суд не закажувал итни судења и не земал предмети во работа, чекајќи одлука од Судскиот совет за овластување за постапување по предметите. Сепак, во судот бил почитуван АКМИС системот и сите физички предмети биле внесувани во системот, но не биле распоредувани и придвижени до судија. Овој застој траел од 4.07.2025 до денот на надзорот 15 септември 2025 година. Комисијата смета дека судија кој бил избран за претседател на суд нема пречки за постапување по предметите како единствен судија во судот.

**Одговор од претседателот на судот:** Имало законски пречки претседателот на судот да постапува по сите видови на предмети заради тоа што немало доставен одговор на негово барање до Судскиот совет. На ден 12.09.2025 година на


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

претседателот му бил доставен претходен заклучок од Судскиот совет од 2023 година дека нема законски пречки да постапува по сите видови на предмети.
Комисијата смета дека на овој начин бил создаден непотребен застој во судот.
**Судскиот совет да превенира идни вакви случаи:** или требало веднаш да ја достави Одлуката или на претседателот на судот да му објасни дека кога е единствен судија истиот е должен да постапува по предметите во судот за да не се создава застој.
Од причина што Комисијата согласно планот за надзор нема повторно да направи посета во текот на оваа година, Судскиот совет и повисокиот суд да утврдат дали започнале редовно судењата во судот и работата по предметите од страна на претседателот на судот како единствен судија во судот.

Претходно делегираниот судија како вд претседател на суд Драган Јаковлевски успеал да го совлада приливот на предмети во судот за 2024 година, го намалил заостатокот и судот бил оценет за ажурен суд. ВД претседателот на судот сепак ги утврдил следниве состојби:
„Поради фактот што во Основниот суд Крушево долги години е намален бројот на вработените и е сведен на минимален број и тоа 1 дактилограф, непополнетоста на 2 уписничарски места , непополнетоста на 1 доставувач за селските подрачја на овој суд, непополнето работно место на 1 судски доставувач на подрачјето на град Крушево доаѓа до застој во работата во судот во пооделни одделенија.
ВД Претседателот на судот Драган Јаковлевски ваквите состојби се потрудил да се надминат со доделување на работата на постоечките вработени кои работаат на други работни места во судот, како и самиот има преземено дополнителни работни обврски, со цел да се намали заостатокот, а да се зголеми ажурноста и да се надминат ваквите состојби на подрачјето на овој суд.
ВД Претседателот на Основен суд Крушево - суд со основна надлежност поради немање на администратор, лично заедно со информатичарот на судот контролирал како се спроведува движењето на предметите и управувањето со истите и следење на движењето на предметите по сите основи, со цел спречување на заостаток на нерешени предмети и спречување на застој на движење на предметите од различни причини.
Во поглед на просторните услови во судот, потребно е да се изврши реновирање на дел од санитарните чворови, ходниците и дограмата (дрвени врати, прозорци).

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

Во судот нема избран судија и во судот од 2018 година постојано биле делегирани судии, најчесто од ОС Битола и ОС Прилеп. Од октомври 2022 година Судскиот совет во судот делегирал само по еден судија, кој истовремено ја вршел функцијата вд претседател на суд.

Делегираните судии со Одлука на Судскиот совет биле определени за вд претседатели на судот и со Одлука од Судски совет постапувале по сите видови на предмети. Судијата Ристо Сотиров бил делегиран за судија во судот во периодот 2022-2023 година кога истовремено бил и вд претседател на суд, а судијата Драган Јаковлевски во период 2023-2024 година. Заостатокот на нерешени предмети во судот бил совладан од страна на овие судии.

Судијата Хаџо Тариќ е избран за претседател на суд во Основниот суд Крушево на 26.05.2025 година, а со работа како претседател на суд започнува од 04.07.2025 година.

Во судот беше утврдено дека откако претседателот на судот дал заклетва за претседател на суд и стапил на функција во судот на 04.07.2025 година, иако бил вршен прием на предмети кои биле внесени во АКМИС, истите не биле распределени односно придвижени до судија, односно претседателот на судот неземал предмети во работа. На прашање на Комисијата, од страна на претседателот на судот беше објаснето дека претходно делегираните судии имале одлука со овластување за постапување по предмети. Претседателот објасни дека иако има одлука за избор за претседател на суд, нема одлука од Судски совет да постапува по предмети. Од овие причини претседателот на судот очекувал нова Одлука од Судски совет за овластување да постапува со предмети.

На ден 15.09.2025 година, денот кога беше извршен надзорот од страна на комисијата, претседателот на судот, донел одлука Су - 26/25 од 15.09.2025 година со која сите примени предмети во судот му се доделуваат во работа, по претходна консултација со Судскиот совет.

1. **Програма за работа**

Програма за работа за тековната година 2025 има донесено ВД Претседателот на суд м-р Драган Јаковлевски СУ.бр 01-1/25 од 02.04.2025 година.

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Одделение кривично и граѓанско, ВПП и прекршоци.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Новиот претседател на суд нема донесено годишен распоред за работа, а на 15.09.2025 година донел одлука со која сите предмети кои се примени во судот му се доделуваат во работа.

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Нема, еден судија постапува по сите предмети.

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Во судот нема формирано служба за информатика како посебна организациона единица. Во судот има вработено еден информатичар со звање раководител на одделение.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Нема определен судија за следење на судска пракса, од причини што во судот подолг временски период е само еден судија.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Кај претседателот, лице определено за Информации за јавен карактер е Лирије Емини – стручен соработник.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Суд со основна надлежност нема судски администратор, распределбата на судски службеници се врши во годишниот распоред за работа на судот.
По систематизација во судот се предвидени вкупно 26 работни позиции. Пополнети се 12 работни места, од кои 3 вработени се судска полиција, 2 стручни соработници од кои една е на трудничко боледување, 1 уписничар, 1 дактилограф, 1 преведувач, 1 доставувач, 1 информатичар и 2 вработени по ЗРО - хигиеничар и работник на телефонска централа како и уште 3 работни места се покриени со договор на дело.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД) за 2024 и 2025 година** - Нема.

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Нема. Еден судија истовремено е и Претседател на суд.

11. **Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Нема. Еден судија истовремено е и Претседател на суд.

12. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Нема. Еден судија истовремено е и Претседател на суд.

13. **Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет.**

Претседателот на судот е избран во 2025 година, следната година има обврска за достава на извештај.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**14. Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Подготвуваат месечни, квартални и годишни извештаи.

**15. Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Крушево за 2024 и 2025 година**

СУ-01-25/25 од 30.07.2025
СУ-01-23/24 од 20.09.2024 година од АС Битола.

**16. Надзор над работата на нотарите**

На подрачјето на Основен суд Крушево е именуван еден нотар, нема информации за спроведен надзор.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

**17. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Информатичарот во судот во декември 2024 година посетувал обука за мрежно работење, организирана од Академијата за судии и јавни обвинители. Тековното обучување на вработените во судот во врска со новините во користењето на АКМИС или во случај на нови вработени ги врши информатичарот.

**18. Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

На комисијата и беше доставен Список на информатичка опрема со која е опремен судот, и истата ги задоволува потребите на вработените.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

19. **Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**

Извршен беше увид во хартиена форма на Список за судии и судски службеници распоредени по кориснички групи за 2025 година со Су.бр.01-1/25 од 02.01.2025 година и истиот е уредно внесен како акт во АКМИС системот. Списокот со кориснички групи донесен во 2023 година е истиот список и за 2024 година, заради еден ист судија во судот СУ.бр.01-2/23-2 од 23.01.2023 година.

**Препорака:** Поради изборот на нов судија во судот треба да се направи измена на списокот со кориснички привилегии.

20. **Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

Има списоци со уредно дефинирани кориснички привилегии.

21. **Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Во судот нема дежурства, дежурства се вршат кога има потреба и тоа најчесто на повик.

22. **Скенирање на влезни документи**

Во судот сите влезни документи се скенираат од 2018 година.

23. **Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Електронски прием на предмети од страна на судиите се врши редовно без застој заклучно со крајот на месец јуни 2025 година.

24. **Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Судски службеник задолжен за АКМИС е Наум Хаџи Наумоски, информатичар во судот, со Актот за систематизација Су.бр.04-8/15 0 од 03.04.2015 година. Со истиот

акт, уписничарите се задолжени за распределба и прераспределба на предметите преку АКМИС системот.

| |
|---|
| **Препорака:** Да се донесе формална одлука за судски службеник задолжен за АКМИС. |

**25. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024 и 2025 година (175 став 5 СД)**

Во судот нема исклучување на судија од распределба на предмети.

**26. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2024 и 2025 година**

Во Основен суд Крушево има изземање на судии и се постапува на следниот начин: Барање од судијата за изземање се заведува во уписник СУ-ИЗЗ, се оформува предмет и истиот се праќа во Апелационен суд Битола за одлучување.

**27. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024 и 2025 година**

Заради тоа што во судот има само еден судија сите предмети се распределуваат преку АКМИС системот со движење на предметите до судијата кој е носител на уписникот. Еден судија е носител на сите уписници.

**28. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Направен е увид во следните предмети одбрани по случаен избор:

- ПРКС-13/24 Поднесен и примен на ден 17.01.2024 година, рачно распределен истиот ден и примен од страна на судија истиот ден
- ПРК-Ј-9/23 Поднесен и примен на ден 16.11.2023 година, рачно распределен истиот ден и примен од страна на судија на ден 20.11.2023 година
- ПРК-О-22/25 Поднесен и примен на ден 28.03.2025 година, рачно распределен истиот ден и примен од страна на судија на ден 01.04.2025 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

- П2-5/23 Поднесен и примен на ден 02.03.2023 година, рачно распределен истиот ден и примен од страна на судија на ден 06.03.2023 година
- МАЛВП-11/2024 Поднесен и примен на ден 15.07.2024 година, рачно распределен истиот ден и примен од страна на судија на ден 18.07.2024 година
- К-17/24 Поднесен на ден 01.07.2024, примен на ден 04.07.2024 година, рачно распределен на ден 05.07.2024 и примен од страна на судија на ден 08.07.2024 година.
- ПРК-О-15/23 Поднесен и примен на ден 27.04.2023 година, рачно распределен истиот ден и примен од страна на судија на ден 29.05.2023 година
- ПРКЈ-5/25 Поднесен и примен на ден 28.03.2025 година, рачно распределен истиот ден и примен од страна на судија на ден 01.04.2025 година

Исто така бевме известени дека по стапување на функција на новиот претседател на судот во јули месец, во судот не се правело распределба на предмети. Предметите само се заведени и примени, оформено е електронско досие но не се придвижени и доделени во работа на судија. Направен беше исто така увид во предмет кој е примен во судот по изборот на новиот претседател по случаен избор К-18/25 и констатирано е дека предметот е примен на 28.07.2025 година, оформено е електронско досие но не е распределен.

**29. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Во судот се врши рачна распределба од причина што во судот е само еден судија, а од 04.07.2025 не се вршело распределба на предмети.
Предмети по сите уписници кои чекаат на распределба на денот на надзорот се вкупно 180.
Број на новопримени предмети од ден 04.07.2025 година до денот на надзорот 15.09.2025 година по уписник.
Уписник К се примени 5 предмети, МАЛВП 2 предмети, ПЛ1-П еден предмет, РО 8 предмети, О-2 еден предмет, П2- еден предмет, П1 3 предмети, УО еден предмет, КР 47 предемети, КУИКП еден предмет, КС-КР 3, ВПП еден предмет, О 24 предмети, ЗАВ-Х 16 предмети, ВПП1 еден предмет, ВПП2 3 предмети, УДДР 7 предмети, ПРК-Р 10 предмети. Судска управа уписници СУ- 8 предмети, СУ-ДОВ 5 предмети, СУ-02 еден предмет , СУ-03 18 предмети, СУ-04 6 предмети, СУ-05 4 предмети, СУ-06 1 предмети, СПИ еден предмет и СУ-ИЗЗ еден предмет.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**30. Уписници што се водат во хартиена форма**

Нема уписници во хартиена форма.

**31. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Во една судница на судот е инсталирана опрема за тонско снимање, но истата не се користи.

**32. Електронска достава**

Се врши електронска достава, 50 електронски достави на годишно ниво.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**33. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024 и 2025 година (член 16 СД)**

Нема формирано работно тело

**34. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024 и 2025 година по предлог на работното тело**

СУ број СУ.бр.01-1/24 од 30.01.2024 година и СУ.бр.01-1/25 од 02.01.2025 година

**35. Внатрешни процедури**

Има за 2025 година, СУ.бр.01-1/25 од 02.01.2025 година


Министерство за правда на
Република Северна Македонија

Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

36. **Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Согласно одговор од судот: Претходните делегирани судии го расчистиле заостатокот на предмети. Нема застарени предмети над 3 и 7 години. Стари предмети до 3 години се 30 предмети.

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

37. **Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Информирањето на јавноста се прави преку веб страната на судот.

38. **Огласна табла на судот**

Во судот има видно поставено огласна табла.

39. **Простории за судии поротници и за адвокати**

Во судот има обезбедено посебна просторија за судии поротници и за адвокати.

40. **Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2024 и 2025 година.**

Редовно се објавувани на веб страната на судот правосилни судски одлуки за 2024 и 2025 година, за предмети кои биле во работа кај судиите Ристо Спиров и Драган Јаковлевски.
После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот..

## 41. Архива

Архивата е релативна добра, солидна уредена сместена на метални рафтови, во чисти и соодветни простории, со прегледност по години, лесно се достапни, хигиената е на задоволително ниво.
Просторијата за одземени предмети е со предмети на кои има обележување за кој предмет се однесува.

Увидот заврши на ден 15.09.2025 во 14:30 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk